| | |
|---|---|
| Врз основа на чл. 353 ст.1 т.1, чл. 358, чл. 383 ст.1 т.9, чл. 517 ст.1 и чл. 518 ст. 1 од Законот за Трговски друштва, чл. 18 ст. 1 т. 8, чл. 34 и чл. 44 од Статутот на Цементарница УСЈЕ АД Скопје, Одборот на директори без одржување на седница на ден 19.04.2022 година донесе: | Pursuant to Article 353 para.1 item 1, Article 358, Article 383 para.1 item 9, Article 517 para.1 and Article 518 para.1 of the Trade Companies Law, and Article 18 para. 1 item 8, Article 34 and Article 44 of the Statute of Cementarnica USJE AD Skopje, the Board of Directors without holding a session on 19.04.2022 adopted the following: |
| **ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА**<br>за одобрување статусна промена -<br>присоединување | **DRAFT DECISION**<br>on approving statutory amendment –<br>accession |
| **Член 1**<br>Со цел зголемување на ефикасноста на работењето од економски аспект: односно потребата од концентрација на капиталот, технологијата, стручните кадри и работната сила, зголемување на ефикасноста во работењето и конкурентноста на пазарот, намалување на трошоците на работење, обезбедување континуитет во вршењето на дејностите на друштвото кои се присоединува, поповолни услови за нови инвестирања и решенија, **Цементарница УСЈЕ АД Скопје**, со седиште на ул. Борис Трајковски бр. 94, со ЕМБС 4053397, одлучи да се изврши статусна промена – **присоединување на Трговското друштво ИД КОМПАНИ ДООЕЛ с.Чешиново Чешиново – Облешево**, ул.АСНОМ бб Чешиново, Чешиново-Облешево, со ЕМБС 5731534 (во понатамошниот текст како: **ИД КОМПАНИ**) и Друштвото за неметали **ОПАЛИТ ДООЕЛ с.Чешиново Чешиново - Облешево,** ул.АСНОМ бб Чешиново, Чешиново-Облешево, со ЕМБС 4481135 (во понатамошниот текст како: ОПАЛИТ) **кон Цементарница УСЈЕ АД Скопје**, без спроведување на ликвидација на друштвата што се присоединуваат. | **Article 1**<br>For the purpose of increasing the operational efficiency from an economic aspect: namely, the necessity of capital concentration, technology, expertise and labor force, increase in its operational efficiency and market competitiveness, reduction in its operational costs, securing continuity in the performance of the activities of the company being accessed, more favourable conditions for new investments and solutions, **Cementarnica USJE AD Skopje**, seated in Boris Trajkovski Blvd. no. 94, LEI 4053397, has decided to undertake a statutory amendment – **accession of the Trade Company ID Company DOOEL s. Cheshinovo**, **Cheshinovo – Obleshevo**, seated in ASNOM St. bb Cheshinovo, Cheshinovo – Obleshevo, LEI 5731534 (hereinafter referred to as: **ID KOMPANI**) and the **Company for Non-Metals OPALIT DOOEL, s. Cheshinovo**, **Cheshinovo – Obleshevo**, LEI 4481135 (hereinafter referred to as: **OPALIT**) with Cementarnica USJE AD Skopje, without conducting liquidation of the companies subject to accession. |
| **Член 2**<br>Во однос на друштвото што се присоединува: **ИД КОМПАНИ,** не се врши размена на уделите, во согласност одредбите од Законот за трговските друштва и не се врши зголемување на основната главнина на Цементарница Усје АД Скопје.<br>Во однос на друштвото што се присоединува: **ОПАЛИТ,** со присоединувањето основната главнина преминува во имот на Друштвото што презема: Цементарница УСЈЕ АД Скопје. | **Article 2**<br>Regarding the company being subject to accession: **ID KOMPANI DOOEL**, in accordance with the provisions of the Trade Companies Law, no exchange of shares is performed and the share capital of Cementarnica USJE AD Skopje is not increased.<br>Regarding the company being subject to accession: **OPALIT,** with the accession, the basic capital becomes property of the acquiring company Cementarnica USJE AD Skopje. |
| **Член 3**<br>Во текот на постапката на присоединување ќе бидат запазени сите формалности и обврски кои произлегуваат од законската регулатива.<br><br>Начинот и условите под кои ќе се врши | **Article 3**<br>During the accession procedure, all formalities and obligations arising from the legislation will be observed.<br><br>The manner and conditions under which the |

| | |
|---|---|
| присоединувањето, како и преносот на целокупниот имот и обврски ќе бидат детално наведени во Спогодба за присоединување на друштвата: ИД КОМПАНИ и ОПАЛИТ, како друштва што се присоединуваат кон друштвото што презема Цементарница УСЈЕ АД Скопје. | accession shall take place, as well as the overall transfer of assets and liabilities shall be specifically set out in the Agreement on accession of the companies: ID COMPANY and OPALIT, as companies being subject to accession by the acquiring company Cementarnica USJE AD Skopje. |
| Се овластува Главниот Извршен Директор на Цементарница УСЈЕ АД Скопје да договори, склучи и потпише Спогодба за присоединување на ИД КОМПАНИ и ОПАЛИТ кон Цементарница УСЈЕ АД Скопје, во форма на Нотарски Акт, која ќе ги содржи податоците во согласност со одредбите од Законот за трговските друштва (начинот на којшто ќе се изврши пренос на имотот и на обврските од друштвата што се присоединуваат на друштвото коешто презема; целта и условите под коишто се врши присоединувањето; вредноста на активата и на пасивата којашто се пренесува од друштвата што се присоединуваат на друштвото коешто презема; соодносот според којшто ќе се врши размена на уделите, односно на акциите; правата коишто им се признаваат на содружниците, односно на акционерите како и посебните погодности коишто ги стекнале, односно коишто им ги даваат уделите, односно акциите; начинот на преземање на уделите; датумот на којшто ќе бидат запрени деловните активности на друштвата што се присоединуваат; датумот од кога зделките на друштвото коешто се присоединува ќе се сметаат како да се извршени за сметка на друштвото коешто презема; секоја посебна погодност ако се дава на некој член на органот на управување, односно на контролорот на друштвата кои што учествуваат во присоединувањето; условите под коишто на вработените ќе им продолжи работниот однос во друштвото кое презема; рокот до кој ќе се подготват годишните сметки и други прашања од заеднички интерес за остварување на присоединувањето). | The Chief Executive Director of Cementarnica USJE AD Skopje is hereby authorized to agree, conclude and sign Agreement for accession of ID KOPMANI and OPALIT to Cementarnica USJE AD Skopje, in the form of a Notary Deed, which will contain data in accordance with the provisions of the Trade Companies Law (the manner in which the assets and liabilities of the companies in accession will be transferred to the acquiring company; the purpose and conditions under which the accession is conducted; the value of the assets and liabilities that are being transferred from the companies subject to accession to the acquiring company; exchange ratio according to which exchange of shares i.e. stocks shall be carried out; the rights recognized to each member i.e. shareholder as well as the special rights they have acquired, that is that have been conferred to them by the shares i.e. stocks; the manner of taking over shares i.e. stocks; the date the business activities of the companies in accession shall cease; the date when the transactions of the companies in accession shall be regarded as transactions undertaken on behalf of the acquiring company; each special privilege granted to a member of the management body i.e. the controller of the companies participating in the accession; the conditions under which the labor relation of the employees will be extended with the acquiring company; the time period for preparation of the annual accounts and other issues of mutual interest carrying out the accession). |
| Спогодбата ќе стане полноважна по одобрување од Собранието на акционери. | The Agreement shall become valid after the approval by the Shareholders' Assembly. |
| Се овластува Главниот Извршен Директор на Цементарница УСЈЕ АД Скопје да поднесе барање за добивање на согласност за статусната промена од Министерството за економија и Владата на Република Северна Македонија, согласно Законот за минерални судорвини. | The Chief Executive Director of Cementarnica USJE AD Skopje is hereby authorized to submit a request for obtaining consent for the statutory amendment from the Ministry of Economy and the Government of the Republic of North Macedonia, in accordance with the Law on Minerals. |
| **Член 4**<br>Предлог одлуката за статусна промена - присоединување да се достави до Собранието на акционери заради донесување. | **Article 4**<br>The draft decision on approving statutory amendment – accession to be presented to the Shareholders assembly for adoption. |

<table>
<tr><td>Д.Н.<br>- Архива<br>- Сектор за финансии<br>- Правна служба</td><td>To be sent to:<br>- Archive<br>- Finance department<br>- Legal section</td></tr>
<tr><td colspan="2" align="center">Одбор на директори/ Board of Directors<br>Претседател/President<br>Јанис Паниарас / Ioannis Paniaras<br><br>___________________________</td></tr>
</table>